**20250501087**

## АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Врз основа на член 16, став 1, алинеја 6 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24 и 37/25) и во согласност со член 15, став 1, алинеја 6 од Статутот на Агенцијата за управување со одземен имот бр. 02-4368/2од 2.12.2024 година, Управниот одбор на Агенцијата за управување со одземен имот на втората по ред седница за 2025 година, одржана ден 7.2.2025 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ДОБИЕНИ ОД ПРОДАЖБА И ЗАКУП НА ОДЗЕМЕН И КОНФИСКУВАНИОТ ИМОТ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на користење на средствата добиени од продажбата на конфискуваниот имот, како и начинот на користење на средствата добиени од закупнината од одземениот и конфискуван имот со кој што управува Агенцијата за управување со одземен имот.

Член 2

Одредени поими во ово Правилник го имаат следното значење:

1. „Конечно одземени предмети и имот“ се подразбираат предмети и имот кои се одземени во кривична и прекршочна постапка, за кои е завршена со правосилна одлука.
2. „Привремено конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети“ се подразбираат предмети, имот и имотна корист за кои се води кривична и прекршочна постапка и за чие одземање нема правосилна одлука.
3. „Јавни извршители на Агенциата“ се лица вработени во Агензизата кои го превземаат одзомениот имот во кривична и прекршочна постапка и понатаму го сместуваат и чуваат во некој од складовите на Агенцијата во Република Северна Македонија и странство.
4. „Предавач на предметите“ е овластеното лице од надлежната институција која ги одзела предметите, имотот и имотната корист.

Член 3

**Уплата на средствата од продажба**

Продажбата на привремено одземениот имот и привремено одзмените предмети, како и на одземените предмети и конфискуваниот имот се врши во согласност со одредбите од Законот за управување со конфискување имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка.

Средствата добиени од продажба на привремено одземен имот или привремено одземени предмети, се уплатуваат на посебна приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата.

Доколку биде донесена правосилна одлука за враќање на имотот или предметот кој е продаден, Агенциајата на сопственикот му ги исплаќа во целост средствата добиени од продажбата, што се депонирани и чувани на посебната приходна шифра од депозитната сметка на Агенцијата.

Во случаите кога се враќаат средствата од ставот 2 на ово член, Агенциајата не смее да задржи 7% од вредноста на продадениот имот.

Член 4

По спроведената постапка за продажба на одземените предмети и конфискуваниот имот, од страна на Агенцијата, согласно членовите од 40 до 53 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, купувачот е должен:

- 7 % од вредноста да уплати на посебна приходна шифра на депозитната сметка на Агенциајата, а останатите
- 93 % од вредноста да уплати на друга приходна шифра на депозитната сметка од која ќе се изврши трансфер во корист на Буџетот на РСМ.

Агенцијата при секоја уплата прави распределба на горенаведените уплатени средства, и тоа:

- 7 % од вредноста на продадениот имот ја распределува и трансферира на самофинансирачката сметка на Агенцијата, а
- 93 % од вредноста на продадениот имот ј префрла во Буџетот на РСМ.

Агенцијата, при трансфер на средствата добиени од продажба во корист на Буџетот на Република Северна Македонија, го известува Министерството за финансии за потребата од пренос на средства по 2% од вредноста на остварениот приход од секоја поединечна продажба на одземени предмети и конфискуван имот на следните институции:

- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија,
- Министерството за внатрешни работи,
- Управата за финансиска полиција, и
- Царинската управа.

Член 5

**Управување со средства од продажба**

Добиените средства во висина од 7% од вредноста на продадениот одземен и конфискуван имот, Агенцијата ги троши за тековно организирање на активностите на Агенцијата, како и за тековно одржување и управување со одземениот и конфискуван имот.

Член 6

Употребата и трошењето на средствата во висина од 7% од вредноста на продадениот имот, Агенцијата го врши врз основа на начелото на добар домаќин во однос на управувањето со одземениот или конфискуван имот.

Приоритет во трошењето на овие средства се дава на режиските трошоци и комуналните услуги, тековното одржување на конфискуваниот и одзмениот имот со кој управува Агенцијата, како и други трошоци поврзани со други договорни услуги и други оперативни расходи кои произлегуваат од тековното функционирање на Агенцијата.

Под тековно одржување на конфискуваниот и одземен имот на Агенцијата се подразбираат трошоци за поправка и режиски трошоци за одржување на вредноста на одземениот и конфискуван имот, како и трошоците за осигурување на одземениот и конфискуван имот со кој што управува Агенцијата.

Член 7

Покрај тековното одржуваье на одземениот и конфискуван имот, Директорот на Агенцијата може да одлучи дел од средствата од членот 5 од овој правилник, доколку ги има, да бидат пренаменети и за тековно одржување на објектите на Агенцијата во кои се чува одземениот и конфискуван имот.

Член 8

Покрај тековното одржување на објектите на Агенцијата во кои се чува одземениот и конфискуван имот, Директорот на Агенцијата може да одлучи дел од средствата од членот 5 од овој правилник, доколку ги има, да бидат пренаменети за капитални трошоци и тоа за набавка на соодветна компіутерска опрема, опрема за видеонадзор, опрема за обезбедуваье на објектите на Агенцијата и други видови капитални расходи.

Член 9

Покрај набавката на опрема за потребите на Агенцијата, Директорот на Агенцијата може да одлучи дел од средствата од членот 5 од овој правилник, доколку ги има, да бидат пренаменети и за ангажирање на различни специіализирани агенции кои би вршеле различни дополнителни консултантски или помошни работи на Агенцијата.

Член 10

Директорот на Агенцијата е должен на годишно ниво да направи план за трошење на средствата од членот 5 од овој Правилник во тековната година, за трошење на средствата во наредната година.

По потреба, во зависност од динамиката на продажба на конфискуваниот имот, овој план може да биде променет.

Член 11

Средствата добиени од надоместокот на конфискуваниот имот во износ од 100 % кој што е даден под закуп, со одлука на Директорот се користат за тековно одржување и унапредување на овој имот.

Доколку нема потреба од трошоци за тековно одржување, тогаш средствата добиени од надоместокот за издавање на конфискуваниот имот под кирија, може да се користат и за немените утврдени за користење на средствата во висина од 7 % од вредноста на конфискуваниот имот што е предмет на продажба.

Член 12

При спроведувањето на активностите поврзани со трошење на средствата добиени од продажба на конфискуваниот или одземен имот или од надоместокот за издавање на конфискуваниот или одземен имот под закуп, во смила на одредбите од членовите 6 до 11 на ово правилник, Директорот на Агенцијата е должен да ги почитува позитивните законски происи во врска со спроведување на јавни набавки на соодветните услуги.

Директорот задолжително го усогласува Годишниот план за трошење, во смисла на членот 10 од овој правилник, со Годишниот план за јавни набавки, при што за соодветните трошења од овој правилник може да се склучуваат и рамковни спогодни за за јавни набавки.

Член 13

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегување на сила овој правилник ќе биде објавен и на веб-страницата на Агецијата.

Агенција за управување
со одземен имот
Управен одбор
Претседател,
**Станко Китаноски,** с.р.

Бр. 01-715/1
7 февруари 2025 година
Скопје